Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 02.09.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4388/2 | 1 | |

# ИЗВЕШТАЈ

**од редовниот надзор на програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ Битола, емитуван на 23 август 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беше почитувањето на:

- **Член 92 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија).

***Констатации:***

Со надзорот е утврдено дека на 23 август 2014 година, програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ Битола, не ја почитуваше обврската дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик. Во анализираното денонoќие 26% од емитуваната музика беше вокално-инструментална музика на македонски јазик, што е за 14% помалку од законски предвидените најмалку 40% инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика.

***Опис на прекршувањето:***

**Спротивно на член 92 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на непрофитната радиодифузна установа УНИВЕРЗИТЕТСКО РАДИО УКЛО ФМ Битола, на 23 август 2014 година, не ја почитуваше обврската дневно да обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика да биде инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик.

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*02.09.2014 година*

| Претходно изречена мерка: |
| --- |
| - Нема изречено мерка |

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 92 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а со оглед дека за прекршување на оваа законска одредба до сега не му е изречена мерка на радиодифузерот, во согласност со член 23 и 27 од цитираниот закон, до в.д. Директорот на Агенцијата се дава следната

**Предлог на мерка:**

- да се преземе мерка – опомена, и
- В.д. Директорот на Агенцијата да определи во кој рок од денот на донесувањето на поединечниот акт (решение), да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил).